Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-915/1
20.06.2017 год.
СКОПЈЕ

Собранието на ГД„Гранит„АД Скопје, на годишната седница одржана на ден 16.06.2017 година, расправајќи за измената и дополнувањето на Статутот на ГД Гранит АД Скопје, согласно член 36 и 140 од Статутот на Друштвото, донесе

# О Д Л У К А

## За измена и дополнување на Статутот на ГД Гранит АД Скопје

I.Во Статутот на ГД Гранит АД Скопје се врши измена и дополнување и тоа:

1. Член 29 се менува реченица 1 од став 1 и гласи:
   " На предлог на Управниот одбор Друштвото може да стекнува сопствени акции со откуп под следниве услови:"

2. Член 30 став 3 се брише.

3. Член 39 став 3 се менува и гласи:
   "Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно од денот на испраќањето на поканата за учество на собранието до денот на одржувањето на собранието не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на собранието."

4. Член 40 став 4 по зборот "кои" се додава зборовите "поединечно или"

5. Член 85 став 1 алинеа 1 се менува и гласи:
   "за друштвата во кои тие сами или со проврзани лица имаат 20% или повеќе проценти од уделот односно акциите со право на глас"

6. Член 135 став 2 се менува и гласи:
   "Управниот одбор на Друштвото е должен без одлагање да го извести трговскиот регистар во случај да бидат повлечени сите акции"

II. Се задолжува Надзорниот одбор да изготви пречистен текст на Статутот на ГД„Гранит„ АД Скопје.

III.Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач со Собранието

Мирко Мицев

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје

Доставено до:
-Сектор за финансиски работи
-Сектор за сметководство
-Сектор за ПКОР
-А р х и в а